УДК. 373. 3 (497. 17) (091)

Киро КАМБЕРСКИ

# ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО (1945 - 1975)

**- глобални развојни карактеристики-**

## Вовед

Основното воспитание и образование во Македонија има долга традиција. Неговите први институционални основи се јавуваат во времето на светителот Климент Охридски и познатата Охридска школа (XI век). Посебно интензивен развиток тоа доживеало во времето на Македонската преродба (средните четвртлетија на XIX век). Меѓутоа, наоѓајќи се постојано под туѓинска власт, сѐ до Втората светска војна Македонија, односно македонскиот народ не успеал да оформи свој систем на воспитание и образование, во кој младите поколенија ќе учат и ќе се воспитуваат на мајчин јазик.

Народноослободителната борба што македонскиот народ ја водеше заедно со другите југословенски народи во периодот од 1941 до 1945 година претставува пресвртница во развојот на македонското општество, со најкрупно историско значење. Во таа борба македонскиот народ, по долговековни борби за национална и социјална слобода, се избори за своја државност, а со тоа и за своето природно право да го организира и изградува воспитанието и образованието на младите поколенија.

По ослободувањето на Македонија и создавањето на македонската држава во рамките на Федерална Југославија, започнуваат процеси на забрзано отстранување како на економската, така и на културно-просветната заостанатост на македонското општество.

За релативно кусо време биле отворени голем број основни училишта, организирани бројни аналфабетски и други видови курсеви за описменување и културно-просветно издигнување на населението, отворени повеќе општообразовни и стручни средни училишта и првите високошколски установи за оспособување високостручни кадри за кои се чувствувала посебна потреба. Кажано со еден збор, за прв пат во историјата на македонското општество, за сосема кус период и во мошне отежнати и сложени услови, се конституирал и оформил македонски национален воспитно-образовен систем.

Со овој прилог се прави обид да се проследат главните развојни карактеристики на основното воспитание и образование во триесетгодишниот слободен развиток на македонското општество, почнувајќи од 1944/45, првата учебна година на *слободното македонско*

*школство и образование*, па до учебната 1974/75 година, кога започнала една од најрадикалните реформи, позната под името *самоуправна социјалистичка преобразба во воспитанието и образованието*.

Со оглед на сложеноста на проблематиката, во прилогов се елаборираат, главно, следниве прашања: консолидацијата и институционалната трансформација на основното воспитание и образование, ширењето на мрежата и опфатот на школскообврзната популација, училиштата на малцинствата, програмско-содржинската диверзификација и прашања поврзани со оспособувањето учителски кадри. Притоа, акцентот се става врз промените, при што се настојува тие не само да се индентификуваат, туку и да се укаже на нивната општествена и педагошка условеност и значење, се разбира, во тогашен историско-општествен контекст.

За да можат правилно да се вреднуваат педагошките развојни процеси во Македонија по ослободувањето, е неопходно да се имаат предвид состојбите во периодот пред ослободувањето. Ваков приод е неминовен од причина што не можат да се даваат оценки за развојот и промените во еден период, ако не се познаваат состојбите во претходниот, дотолку повеќе што во оваа сфера на општествениот труд постојат законити движења кои зависат не само од карактерот на општествените односи туку и од материјалните и други услови, а се условени и генерациски.

Македонија (се има предвид денешната нејзина државна територија) пред ослободувањето била во состав на Кралството Југославија (формирано по Првата светска војна, 1918 г.) и се третирала како Јужна Србија (Вардарска Бановина), а македонскиот народ како Јужносрбијанци. Неговата национална култура и индивидуалност се негирале, а македонското име и јазик се прогонувале. Во училиштата и администрацијата бил наметнат српскиот јазик. Македонците немале право на училишта на свој мајчин јазик. Во училиштата во Македонија наставен јазик бил српскиот.

Во услови на национална обесправеност, во Македонија бил применуван истиот систем како во Кралството Југославија. Основното воспитание и образование, главно, се остварувало на ниво на четиригодишно основно училиште, иако 1929 година бил донесен закон за задолжително осумгодишно школување, но тој практично никогаш не заживеал. Дури и четиригодишното задолжително школување тешко се остварувало. Непосредно пред Втората светска војна, на пример, повеќе од половина од децата што биле обврзани да го посетуваат четиригодишното основно училиште биле надвор од училишните клупи. Така, во учебната 1939/40 година од школскообврзната популација, чии број изнесувал 205700, во основното образование биле опфатени само 46,2% односно бројот на училиштата изнесувал 850, на паралелките 1808, на учениците 95010 и на учителите 1561 (Види: Основни статистички подаци о развоју и стању шкоства у ФНР Југославији, Београд, 1957, стр. 7).

Неразвиеноста на мрежата не била единствена слабост на предвоеното основно воспитание и образование. Тоа значително заостанувало и во поглед на образовната технологија, така што воспитно-образовната работа се одвивала на традиционален начин.

Врз ваквото наследство ќе започне развојот на македонското слободно школство и образование, чии основи ќе бидат поставени уште во текот на НОБ.

## Консолидација и институционален развој

Успешното завршување на НОБ, во која македонскиот народ се избори за своја државност во рамките на Федерална Југославија, отворило перспективи за забрзан развој на македонското општество. Свесна дека наследените состојби можат да се менуваат само со добро организиран и поставен систем на воспитание и образование, младата македонска држава веднаш по ослободувањето презела енергични мерки не само за обновување на школската структура од пред војната, туку и за нејзино проширување и збогатување со нови воспитно-образовни институции, почнувајќи од предучилишното воспитание, па сѐ до образованието на возрасните. Посебни напори во таа смисла биле правени на планот на консолидацијата и развојот на основното воспитание и образование, не само поради фактот што тоа претставува темел за секое понатамошно образование, туку и поради фактот што скоро 75% од населението над десетгодишна возраст било неписмено.

Процесите на консолидација на основното воспитание и образование започнале уште пред конечното ослободување на Македонија. Така, во текот на есента 1944 година, кога сеуште траеле завршните борби, биле преземени редица мерки за што поскоро отпочнување на работата на основните училишта.

Во оваа подготвителна фаза посебно значајна улога имале Президиумот на АСНОМ и Повереништвото за просвета како негов ресорен орган, како и народноослободителните одбори. Повереништвото за просвета со разни писма, инструкции и други материјали ги поттикнувало НОО и барало од нив "да направат сѐ што е можно за отпочнување на наставата во нашите училишта на ослободената територија".[1]

Со цел да заживее работата на основните училишта на слободните територии, Повереништвото за просвета на 30 септември 1944 год. донело Привремен план за обука во основното воспитание и образование во духот на новите стремежи.[2]

Во овој прв званичен документ, од програмски карактер, децидно се истакнува дека "наставата се изведува на македонски јазик, кој е уста-

---

[1] Види: АСНОМ, Документи, т. I ,к.2, стр. 309.

[2] Архив на Македонија, Ф. АСНОМ, Повереништво за просвета, к.5.

новен како официјален", при што се приложува и времено утврдена азбука, а со цел работата на училиштата да се одвива врз единствена писмена основа.

Започнатите процеси на организационата, програмската и дидактичко-методичката консолидација на основното воспитание и образование биле поттикнати со посебно Упатство за просвета од 10 јануари 1945 година[3]. Упатството било наменето да им послужи на учителите како "раководно начело за нивната работа во училиштето", бидејќи во тоа време сеуште не биле изготвени учебни програми. Во овој документ биле набележани основните задачи на учителот, новите цели и задачи на образованието, односно на основното училиште, уредувањето на внатрешните односи, а биле дадени и повеќе ставови и насоки за организацијата и изведувањето на наставно-образовната работа.

Паралелно со организационото консолидирање на основното воспитание и образование се преземале мерки и во однос на ширењето на училишната мрежа. Главната грижа во оваа почетна фаза била насочена кон опфаќањето на сите деца со четиригодишно основно образование.

Истовремено со напорите за генерациски опфат на децата со четиригодишно основно образование биле правени усилби и за негово продолжување на седумгодишно, бидејќи јасно било сфатено дека за успешно вклучување во сложените процеси на обновата и индустријализацијата на земјата ова ниво на образование било недоволно и претставува можност, старт во развојот на повисоките форми на образование. Затоа, од самиот почеток, таму каде што дозволувале условите, биле отворани и виши основни училишта, односно нижи гимназии. Во текот на 1947 и 1948 година покрај наведените институционални форми за основно воспитание и образование почнале забрзано да се отвораат и седмолетки, и тоа не само по градовите, туку и по селата. [4]

Со цел да се забрза процесот на прераснувањето на четиригодишното во седумгодишно основно образование, Народното собрание на НРМ на 24 ноември 1948 година донело Закон за седумгодишното основно образование со кој седумгодишното школување било прогласено за задолжително за сите деца на возраст од 7-14 години .[5] Според овој закон задолжителното седумгодишно образование било бесплатно, а се остварувало (1) во посебни државни седумгодишни училишта-седмолетки; (2) во четиригодишните основни училишта, и (3) во првите три класа на гимназиите.

Набргу по донесувањето на Законот за седумгодишното основно образование станало актуелно прашањето за негово натамошно продолжување. Иницијатива за продолжување на основното образова-

---

[3] Архив на Македонија, Ф. АСНОМ, Поверенство за просвета, к.5.

[4] Види: Службен весник на НРМ, бр.24/48, стр.194.

[5] Службен весник на НРМ, бр. 38/48, стр. 279.

вание од седум на осум години покренал Третиот пленум на ЦК на КПЈ, одржан во декември 1949 година, поаѓајќи од гледиштето дека општествената и стопанската преобразба на земјата може да се отстварува само со постојано подигнување на образовното ниво на населението.

Осумгодишни основни училишта како институции за континуирано основно воспитание и образование во нашата Република почнале да се отвораат од 1950 година.[6] Меѓутоа осумгодишното основно училиште, како единствена институција за задолжително основно воспитание и образование на децата од 7-15 години се прифатило дури со Општиот закон за школството од 1958 година и оттогаш тоа станало темел на целокупниот воспитно-образовен систем. До донесувањето на овој закон тоа се реализирало низ следните институционални форми: основно (четиригодишно) училиште, више основно училиште (V-VII одд.), нижа гимназија, нижите класови на полната гимназија и осмолетка.

Со Општиот закон за школството од 1958 година бил ставен крај на дотогашната институционална разноликост, а осумгодишното основно училиште било санкционирано како единствена институција за основно воспитание и образование, и како таква таа функционира сé до денес, како основно училиште.

Со овој закон биле утврдени следните основни карактеристики на основното училиште:

1. Основното училиште трае осум години и е задолжително за целата генерација на возраст од 7-15 години;

2. Основното осумгодишно училиште претставува темел на целокупниот воспитно-образовен систем, што значи дека тоа претставува основа за секое понатамошно образование и на младината и на возрасните;

3. Основното осумгодишно училиште има општообразовен карактер. Тоа треба да овозможи на секој млад човек, без разлика на подоцнежниот животен позив и професија, да се здобие со солидно современо општо образование како основа за секое натамошно школување;

4. Осумгодишното основно училиште е единствен вид основно училиште, што значи дека секое основно училиште реализира единствени воспитно-образовни цели и задачи, работата ја засновува врз единствени воспитни принципи и настојува еднакво успешно да ја оствари својата општествена улога, а завршените ученици имаат еднакви права;

5. Основното осумгодишно училиште нема селективен карактер. Тоа, настојува со планска и систематска воспитно-образовна работа да ги насочи младите да го продолжат школувањето кон онаа гранка на општествениот труд што најповеќе одговара на склоностите и способностите на поединецот, и

---

[6] Види: Службен весник на НРМ, бр.24/50, стр.171; бр.30/50, стр.227; бр.31/50, стр.131; бр.24,25,26,31 од 1950 г.

6. Основното училиште што понепосредно се поврзува со социјалната средина во која дејствува, задоволувајќи ги на тој начин нејзините општествени, стопански и културни потреби.

Врз овие општи определби, санкционирани со реформските документи од 1958 година, основното училиште се развива и ја остварува својата општествена улога и функција сѐ до денес.

## Ширење на мрежата и опфатот на школскообврзната популација

Основното воспитание и образование во Македонија по ослободувањето бележи мошне динамичен развиток како во поглед на бројот на училиштата, учениците и наставниците, така и во однос на опфатот на генерациите дозреани за школување. Веќе во првата учебна 1944/45 година работеле 674 четиригодишни основни училишта со 65011 ученици и 1626 учители. Во наредните учебни години паралелно со зголемувањето на бројот на четиригоднишните основни училишта се зголемувал бројот и на другите институционални форми за основно воспитание и образование. Така, во учебната 1950/51 година во Македонија работеле 128 осмолетки со 23688 ученици, 1463 основни и виши основни училишта со 143262 ученици и 12 гимназиски форми (нижи гимназии и нижите класови на гимназијата) со 10519 ученици. Со проширувањето на мрежата перманентно се зголемувал и опфатот на школскообврзната популација. Во учебната 1952/53 година, на пример, со четиригодишно основно образование биле опфатени 94,6% од популацијата на возраст од 7-10 години, со више основно образование 49,6% од популацијата на возраст од 11-14 години или од вкупната популација на возраст од 7-14 години 71,9% се наоѓала во училишните клупи. [7]

Динамиката на развој на основното школство во Македонија во периодот од ослободувањето до 1958 година најдобро може да се види од следниот графикон:




(Забелешка: за индексна вредност 100 се земени: податоците за учебната 1950/51 година)

[7] Основни статистички подаци о развоју и стању школство у ФНРЈ, Београд, 1957.

Од графиконот јасно се забележува дека бројот на учителите и на паралелките растел со далеку подинамично темпо отколку бројот на учениците. Тоа зборува дека од година во година биле создавани сѐ поповолни кадровски и просторни услови за работа на училиштата, а со самото тоа и за поуспешно изведување на наставно-образовниот процес. Така, додека во учебната 1946/47 година еден наставник работел со 63 ученици, во учебната 1957/58 година на еден наставник доаѓале само 33 ученици.

Во годините по Реформата одсновното воспитание и образование во Македонија во поглед на мрежата и капацитетите бележи релативно стабилен и порамномерен развиток. Тоа може да се види од следниот преглед:

ПРЕГЛЕД

НА РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1958/59-1974/75 ГОДИНА

| Учебна година | Училишта | Паралелки | Ученици | Наставници | Бр. ученици на 1 настав. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1958/59 | 1 506 | 6 597 | 211 450 | 6 713 | 31 |
| 1960/61 | 1 493 | 7 302 | 239 646 | 7 570 | 32 |
| 1962/63 | 1 448 | 7 665 | 256 956 | 8 471 | 30 |
| 1964/65 | 1 446 | 8 071 | 256 365 | 9 098 | 28 |
| 1966/67 | 1 417 | 8 166 | 257 858 | 9 387 | 27 |
| 1968/69 | 1 416 | 8 396 | 257 949 | 9 909 | 26 |
| 1970/71 | 1 401 | 8 701 | 260 033 | 10 794 | 24 |
| 1972/73 | 1 378 | 9 135 | 266 205 | 11 243 | 24 |
| 1974/75 | 1 340 | 9 335 | 268 568 | 11 631 | 23 |

(Извор: Статистички годишник на СРМ, од 1968-1976).

Анализата на изнесените податоци покажува дека бројот на учениците во овој период бил зголемен за 27%, на паралелките за 41,5% а на наставниците дури за 73%. Опаѓањето на бројот на училиштата, што е без посебно значење, било последица на окрупнувањето, односно на интеграционите процеси на одделни помали (подрачни) училишта.

Тоа што е посебно значајно да се одбележи е што во овој период значително бил зголемен процентот на генерацискиот опфат на школскообврзната популација, достигнувајќи го нивото од 91,6% во учебната 1973/74 година. [8]

[8] Група автори, Развитокот на воспитанието и образованието во СР Македонија, Скопје, 1979, кн.II, стр.37.

Од изнесените податоци за развојот на мрежата на основното воспитание и образование и за опфатот на школскообврзната популација во триесетгодишниот повоен развиток на македонското слободно школство и образование може да се заклучи дека се постигнати значајни резултати, и покрај тоа што не е постигнат целосен опфат на генерациите подложни на задолжително образование, за што постоеле и повеќе објективни причини. Изворот на нови неписмени, сепак е сведен во тесни рамки, што е посебно значајно за културно-просветниот напредок на македонското општество, кое ослободувањето го затекна со 75% неписмено население.

## Училишта на малцинствата

Една од битните карактеристики на развојот на школството и образованието во Македонија по ослободувањето е почитувањето на правото на образование на мајчин јазик. Во таа смисла напоредно со развојот на мрежата на основните училишта на македонски јазик се отворале и училишта на јазиците на малцинствата и на другите народи. Согласно народносната структура на населението, вакви училишта биле отворани на албански, турски и српски јазик. Бројот на овие училишта од година во година постојано се зголемувал, особено првите години по ослободувањето.

Грижата за отворање малцински училишта, како во тоа време вообичаено биле нарекувани, била постојано присутна.Така, уште Президиумот на АСНОМ, истовремено со мерките што ги преземал за консолидација и ширење на мрежата на основните училишта на македонски јазик, преземал мерки и за отворање училишта на шиптарски (терминот се употребувал во тоа време) и турски јазик, како и на српски. Фактот што веќе во првата учебна 1944/45 година работеле 60 училишта со 3975 ученици и 104 наставници на албански наставен јазик, 37 училишта со 3334 ученици и 49 наставници на турски, 2 училишта со 186 и 2 наставници на српски јазик, доволно јасно зборува за напорите на новата македонска држава на планот на остварувањето на политиката за национална рамноправност во областа на воспитанието и образованието.

За само пет учебни години по ослободувањето бројот на основните училишта со албански наставен јазик бил зголемен на 209, со 26349 ученици и 421 наставник, со турски наставен јазик на 100 училишта, со 12 621 ученик и 249 наставници, а на училиштата со српски наставен јазик на 8 училишта, со 1303 ученици и 22 наставници. [9].

Напоредно со развојот на мрежата на основните (четиригодишни) училишта биле отворани и виши основни училишта, седмолетки и нижи гимназии, а од учебната 1950/51 година и осмолетки. [10] Во оние места

---

[9] Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990 стр.91

[10] Кога и каде биле отворени вакви училишта види: Службен весник на НРМ, бр.24,31, и 32 од 1947 г. и бр.24 и 31 од 1948 г.

пак каде немало доволно ученици биле отворани паралелки при училиштата со македонски јазик (мешани училишта).

Може да се каже дека за само неколку учебни години по војната биле поставени солидни темели на школството на националностите (малцинствата) во нашата Република.Ова е дотолку позначајно да се одбележи бидејќи во предвоена Југославија припадниците на националните малцинства, исто како и македонскиот народ, немале право на училишта на свој мајчин јазик.

Во наредниот период дошло до натамошно ширење на школската мрежа, а со самото тоа и до забрзано зголемување на опфаќањето на школско обврзната популација од редовите на албанската и турската националност. Во учебната 1955/56 година, на пример во Македонија работеле 260 основни училишта, со 775 паралелки на албански јазик и 119 со 398 паралелки на турски јазик [11]. Или од вкупниот број ученици во основните училишта 21% биле ученици од националностите, што речиси било приближно на нивото на учеството на припадниците на националностите во структурата на населението во Македонија.

Карактеристично е да се одбележи дека бројот на учениците од албанската националност рапидно се зголемил по школската реформа од 1958 година. На пример: од 28 086 во учебната 1958/59 година тој бил зголемен на 64 919 ученици во учебната 1974/75 година или за 131% (Зголемувањето на бројот на учениците во училиштата со македонски јазик изнесувало само 14%). Значително се зголемил и бројот на наставниците и тоа за 223% (во македонските училишта за 64%). Овие податоци недвосмислено покажуваат дека во овој период била водена посебна грижа за развојот на основните училишта со настава на албански јазик, што било и разбирливо ако се има предвид фактот дека во претходниот период, од разни причини (меѓу другите, посебно влијанието на традицијата), опфаќањето на децата од албанската припадност значително заостанувало, особено во вишите одделенија.

Развојот на школството на националностите, исто како и останатото школство, бил придружен со повеќе тешкотии и проблеми меѓу кои најизразит бил проблемот од недостигот на стручно квалификувани учители. Кон решавањето на овој проблем се пристапило веднаш по ослободувањето со организирање учителски курсеви на албански и турски јазик. Вакви курсеви биле организирани секоја година за време на летниот распуст, почнувајќи од 1945, па сѐ до 1953 година.

Значаен чекор во ублажувањето на овој проблем бил направен во 1947 година кога Министерството за просвета на НР Македонија донело одлука за отворање редовна паралелка (I клас) на албански јазик при Учителската школа во Скопје за подготвување учители за училиштата со албански наставен јазик.[12] Нешто подоцна, односно од учебната 1950/51 година во Тетово почнала со работа посебна учите-

[11] Види: Статистички годишник на СРМ за 1968 г.

[12] Службен весник на НРМ, бр.35/47, стр.423.

лска школа со настава на албански јазик, кон која се приклучиле и паралелките што дотогаш работеле во состав на Учителската школа во Скопје. Од учебната 1952/53 година оваа школа била дислоцирана во Скопје како центар кој пружал многу подобри услови за формирање на идните учители. Во рамките на школата работеле и паралелки на турски јазик за подготвување учители за училиштата со турски наставен јазик. Оваа учителска школа работела до 1972 година и за тоа време од нејзините клупи излегле над 2 000 учители.

Во оспособувањето наставнички кадри за училиштата на националностите посебно значајна улога одиграла Вишата педагошка школа во Скопје (од 1961 год. Педагошка академија), основана 1947 г. Во рамките на оваа високошколска институција, почнувајќи од учебната 1952/53 година, па сè до укинувањето на предметната настава 1982, работеле повеќе групи на албански и турски јазик за оспособување одделенски и предметни наставници. [13]

Развивајќи се како составен дел на школскиот систем, училиштата на националностите, како и другите училишта, на својот развоен пат, консолидацијата и унапредувањето на работата, морале да совладуваат бројни тешкотии, какви што биле: недостиг на наставен кадар, наставни средства, учебници, прирачна и друга литература, просторни и други услови итн. Но и покрај тоа, може да се каже дека во триесетгодишниот повоен развиток на македонското општество се постигнати солидни резултати во поглед на развојот на основното образование на јазиците на националностите. Така, на крајот на овој период (учебна 1974/75 год.) во Република Македонија работеле 279 училишта, со 2111 паралелки, 64 919 ученици и 2508 наставници на албански јазик и 54 училишта со 204 паралелки, 5497 ученици и 229 наставници на турски јазик. [14] Гледано процентуално, бројот на учениците од редовите на албанската и турската националност во однос на вкупниот број ученици го надминал нивото на вкупното учество на албанската и турската националност во националната структура на населението во Македонија. Тоа особено е карактеристично за албанската националност. Во учебната 1974/75 година, на пример, бројот на учениците во училиштата со албански јазик, во однос на вкупниот број ученици, изнесувал 24,2% а според пописот на населението од 1971 година албанската националност учествувала, во однос на вкупниот број население, со 17% [15] Во училиштата со македонски наставен јазик тој соодност изнесувал 72,6%: 69,3% [16].

---

[13] Види: Педагошка академија "Климент Охридски"-Скопје, Скопје, 1972.

[14] Статистички годишник на СРМ за 1976, стр. 232.

[15] Статистички годишник на СРМ за 1976 и 1988.

[16] Статистички годишник на СРМ за 1976 и 1988.

## Програмско-содржинска диверзификација

Програмско-содржинската физиономија на нашето основно училиште почнала да се оформува уште во текот на НОБ, со отворањето на првите партизански училишта со настава на македонски народен јазик есента 1943 година на слободните територии во Западна Македонија, а особено по конституирањето на АСНОМ, кога биле донесени првите званични документи со нормативно-програмски карактер.

Прв ваков документ, изработен од страна на Повереенството за просвета при Президиумот на АСНОМ бил донесен на 30 септември 1944 година, а е озаглавен како *Привремен план за обука во основните училишта.* Тоа бил прв званичен наставен план за работата на основните училишта во нашата Република, во кој, покрај наставните предмети по одделенија, се набележани и основните задачи на основното училиште и повеќе дидактичко-методички упатства за организирање и изведување на наставата. [17]

Во 1945 година, по конечното ослободување на земјата, Министерството за просвета пропишало нов *Привремен наставен план за основните училишта,* како и посебен наставен план за малцинските училишта. Помали или поголеми измени на наставните планови и програми биле вршени и во наредните учебни години. Карактеристично е да се одбележи дека почнувајќи од 1946 година бил пропишуван и скратен наставен план и програма за оние училишта што работеле со комбинирани одделенија.

Значајно е да се одбележи и тоа дека до 1948 година републиките сами ги утврдувале наставните планови и програми, а по тоа биле донесувани сојузни рамковни планови, врз чија основа биле утврдувани републичките наставни планови и програми. Еден таков сојузен рамковен план бил донесен во почетокот на 1948 година, а се однесувал на седумгодишните училишта, односно на седмолетките. [18]

Во текот на учебните 1950/51 и 1951/52 година, со отпочнувањето на работата на првите осумгодишни основни училишта, биле правени напори за изготвување единствен наставен план и програма за континуирано осумгодишно основно воспитание и образование. Како резултат на тоа, Советот за просвета, наука и култура на НРМ на 5 јуни 1952 година пропишал единствен наставен план и програма за основните (четиригодишни) училишта и осмолетките. Овој наставен план содржел вкупно 14 наставни предмети (македонски јазик, српскохрватски јазик, туѓ јазик, историја, географија, природознание, сметање-математика, физика, хемија, цртање со историја на уметноста), краснопис, домаќинство, музика (вокална и инструментална) и фискултура), со вкупен неделен фонд од 195 часови. Доминантно место

---

[17] За принципите врз кои е заснован овој наставен план види: Крсте Ангеловски, Содржината и програмската структура на основното воспитание и образование, во книгата: Воспитанието и образованието во Македонија 1943-1983, стр.84.

[18] Основна настава у ФНРЈ, Београд 1948, стр.109.

имала јазично-математичката настава, која во вкупниот фонд на часови учествувала со 52,3%. [19]

Обиди за нови измени во програмската структура на основното воспитание и образование биле направени во предреформскиот период (1954-1958), а основните причини биле согледани во преоптовареноста на наставните програми "со некои непотребни и тешки материјали, што немаат вредност за нашата социјалистичка практика и што не одговараат на психофизичките можности на просечен ученик". Така, Советот за школство на НРМ на 10 јули 1957 година донел нови наставни планови и програми за основното осумгодишно училиште со настава на македонски, шиптарски и турски јазик. [20]

Анализата на овој наставен план покажува дека измените, главно, се состоеле во внесување три нови воспитно-образовни предмети (хигиена, политехничко образование и земјоделство), измени во поглед на неделниот фонд на часови кај одделни предмети и зголемување на вкупниот неделен фонд на часови од 195 на 208.

Најзначајни промени во поглед на програмско-содржинската физиономија на основното воспитание и образование биле направени со реформата на школството од 1958 година, со која основното осумгодишно училиште било санкционирано како единствена институција за основно воспитание и образование, која дава воспитно-образовна основа за секое понатамошно образование и остварува единствени воспитно-образовни задачи и ниво на образование, со можност според потребите и специфичностите на општествената структура да се надополнува со нови воспитно-образовни подрачја.

Врз основа на законските и други реформски документи, Советот за просвета на НРМ на 29 април 1959 година донел реформирани наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта во Македонија. Иако реформираното основно училиште и натаму го задржало двостепениот карактер (одделенска и предметна настава) во програмската организација на наставата биле внесени значајни промени. Во одделенската настава била напуштена дотогашната предметна структура и воведена глобализација на наставните содржини, со што и преминот од одделенска на предметна настава станал пофлексибилен, пологичен и пособветен на психофизичките карактеристики на учениковиот развој. Во таа смисла во наставниот план биле внесени три нови воспитно-образовни подрачја: запознавање на природата и општеството (I до III одд.), запознавање на природата (IV-VI) и запознавање на општеството (IV-V). Покрај овие иновации во овој наставен план биле внесени и биологија (VII и VIII одд.), основи на општотехничко образование (IV-VIII) и основи на социјалистичкиот морал (VI-VIII), покрај номиналната измена (ликовно, музичко и физи-

---

[19] Наставни планови за општообразовните школи за учебната 1952/53 година, Скопје, 1952.

[20] Совет за школство на НРМ, Наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта, Скопје 1957.

чко воспитување), добиле посоодветна и нагласена улога во воспитно-образовната работа. Со овој реформиран концеп била дадена можност одделенска настава да се изведува и во V одделение, а со предметна да се почнува уште во III одделение. Значајна новина претставувало и тоа што на наставникот во одделенската настава му се давала можност "самостојно да го определува текот на дневната работа согласно објективните и субјективни околности и услови"[21], односно можност за пофлексибилна примена на строго утврдениот часовно-предметен систем.

НАСТАВЕН ПЛАН
ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

| Наставно-воспитни области | Одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1. Мајчин јазик | 6 | 6 | 6 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 2. Запознавање на природата и општеството | 4 | 4 | 4 | - | - | - | - | - |
| 3. Запознавање на природата | - | - | - | 3 | 3 | 3 | - | - |
| а) физика | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| б) хемија | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| б) биологија | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 4. Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 |
| 5. Основи на општотехничко образование | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 6. Запознавање на општеството | - | - | - | 3 | 3 | - | - | - |
| а) географија | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 |
| б) историја | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 |
| в) Основи на социјалистичкиот морал | - | - | - | - | - | 1 | 1 | 1 |
| 7. Српскохрватски јазик | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 8. Странски јазик | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 9. Физичко и здравствено воспитување | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 10. Ликовно воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 11. Музичко воспитување | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 12. Домаќинство | - | - | - | - | - | 1 | 1 | 1 |
| Вкупен број на неделните часови по одделенија | 21 | 21 | 22 | 25 | 25 | 27 | 29 | 29 |

Факсимил на Наставниот план од 1959 година на реформираното основно осумгодишно училиште кој со извесни корекции и адаптации се применува до денешен ден.

Врз реформираниот наставен план од 1959 година се организира и изведува наставата во основното училиште сé до денешен ден. Одредени корекции што меѓувреме се вршени, главно, се однесувале на измени во поглед на бројот на часовите по одделни предмети или на воведување на некои нови, односно praveстување на одделни предмети од едно во друго одделение. Такви и некои други промени се направени во 1966 и 1972 година. Најзначаен белег на овие нови промени се обидите многу поконцизно и јасно да се дефинира општата програмска структу-

---

[21] Завод за унапредување на школството на НРМ, Наставни планови и програми за основните училишта во НРМ, Скопје, 1959.

ра на дејноста на основното училиште. Така, покрај наставата, која и натаму ја има централната позиција, нагласено значење добиваат слободните ученички активности, општествено-корисната работа, грижата за здравјето на учениците, јавната и културно-просветната дејност на училиштето и следењето и унапредувањето на воспитно-образовната работа. Со тоа се заокружуваат диверзификационите процеси во изградувањето на профилот на македонското повоено основно училиште како единствена институција за основно воспитание и образование на возрасната популација од 7 до 15 години, и тоа, со извесни прилагодливи корекции на карактер на општествените односи и потреби функционира до денес.

## Општи согледувања

Анализата на глобалните развојни карактеристики на основното воспитание и образование во триесетгодишниот слободен развој на македонското општество покажува дека тоа доживува, дотогаш, невиден подем како во квантитативна, така и во квалитативна смисла. Тоа е време, во кое, како што правилно констатира проф А. Дамјановски "доаѓа до скусување на вековите и децениите и до разгорување и творечко изразување на дамнешните стремежи и идеали на македонскиот народ" [22].

Основното воспитание и образование во целиот овој период доживува постојани промени во поглед на неговото организационо, програмско, дидактичко-методичко и материјално-техничко усовршување.

За само пет години по ослободувањето се оформува развиена мрежа на повеќе институционални форми за основно воспитание и образование и се преминува на осумгодишно школување, а можноста да навлегуваат во светот на науката, техниката и уметност на мајчин јазик (македонски, српски, албански и турски) веќе тогаш ја имале 71% од популацијата на возраст од 7-14 години (учебна 1950/51 година).

Значајни напори се вложуваат и во поглед на едукацијата на наставнички кадри за потребите на основните училишта, кои истовремено се ангажираат и во процесите на ликвидација на неписменоста и подигањето на општото и стручно образование на возрасните.

За развитокот на основното воспитание и образование од посебно значење е донесувањето на Општиот закон за школството во 1958 година. Со овој законски документ осумгодишното школување се санкционира за задолжително за целата популација на возраст од 7-15 години, а осумгодишното училиште се прогласува за единствена институција за основно воспитание и образование, со што е ставен крај

---

[22] Анатоли Дамјановски, Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија, во книгата: Воспитанието и образованието во Македонија 1943-1983, стр. 24.

на дотогашната институционална разноликост. Осумгодишното училиште на тој начин станува темел на вкупниот школски систем и основа за секое понатамошно образование и на младите и на возрасните, со јасно оформен профил на општообразовно училиште.

Посебно значајни резултати се постигнати во развојот на училишната мрежа. Така, на крајот на овој период, односно во учебната 1974/75 година неа ја сочинувале 1340 училишта, со 9335 паралелки во кои биле опфатени 268568 ученици, а наставата ја изведувале 11631 наставници.

Брзиот и постојан пораст на бројот на основните училишта и нивните капацитети овозможиле на крајот од овој развоен период во училишните клупи да се најдат 91,6% од школскообврзната популација, што, споредено со периодот пред ослободувањето, претставува огромен напредок.

Kiro KAMBERSKI

## L'ENSEIGNEMENT ET L'EDUCATION DE L'ECOLE PRIMAIRE (1945 - 1975)

(Résumé)

L'auteur de cette communication fait procéder les caractéristiques les plus importantes de ce dévéloppement dans l'enseignement primaire en Macédoine dans la période aprés 1945. En général dans cet enseignement on aborde les points suivants: le développement constitutionnel de cet enseignement, l'augmentation du nombre des gens qui sont titulaires de diplômes des hautes écoles le dévéloppement des écoles des minaurités et la diversification des programmes envisagés. On met l'acent sur les éléments évolutifs, leurs conditions et significations sociales et pédagogiques.

Toute cette dynamique de même que ces changements de l'enseignement primaire en Macédoine dans la période de 1945 á 1975 est englobé par l'auteur qui a comme point de départ des données statistiques et d'autres éléments qui s'y rajoutent.